# Адвентистичка мисија
## за млади и за возрасни

2021 • **ТРЕТО ТРИМЕСЕЧЈЕ** • СЕВЕРНОАМЕРИКАНСКА ДИВИЗИЈА





AdventistMission.org

# СОДРЖИНА

**На насловната страница на списанието:** Алијандра доживеала нејзината мајка да оди и да излезе од затвор, а нејзиниот татко да биде депортиран во Мексико. Се чувствувала осамено - сѐ додека не го запознала Бога во индијанското училиште Холбрук. За нејзиното искуство можете да прочитате на 10. страница од вашето списание.


## САД (АРИЗОНА)

4 Среќен што пак можам да бидам на тоа место / *3 јули* T

7 Патување под заштита / *10 јули*

10 Не сте сами / *17 јули* T

13 Опкружен со љубов / *24 јули* T

16 Негувателка и Давател на лек / *31 јули*

19 Плажа или пустина / *7 август*

## МАРШАЛСКИ ОСТРОВИ

22 Специјално пријателство / *14 август* T

## КАНАДА

25 Супа, фудбал и Бог / *21 август*

## БЕГАЛЦИ ВО ОВАА ДИВИЗИЈА

28 Ангел на бензинска пумпа / *28 август*

31 Дилема / *4 септември* T

34 Поништено незадоволство / *11 септември*

36 Двајца луѓе против еден Бог / *18 септември*

39 Програма на 13-тата сабота: Делче од вистината / *25 септември*

42 Идни проекти 13-тата сабота

43 Уреднички одбор на списанието

44 Мапи


T = *Приказни што можат да бидат од особен интерес за тинејџерите*

# Вашите дарови на дело



Пред три години, дел од даровите на 13-тата сабота беа употребени за изградба на нова спортска сала и здравствен центар наречен „Центар за нов живот" во кампусот на индијанското адвентистичко училиште Холбрук. Вашите дарови за ова тримесечје ќе бидат искористени за втората фаза од изградбата на овој центар. Прочитајте ги искуствата од Холбрук од 4. до 15. страница од вашето списание.

SEVENTH-DAY ADVENTIST CHURCH


© 2021 General Conference of Seventh-day Adventists® • All rights reserved



12501 Old Columbia Pike, Silver Spring, MD 20904-6601
1-800-648-5824 • AdventistMission.org

# Драг водачу на саботната школа,

*Ендрју Мекчизни,*
*Уредник на списанието*



Ова тримесечје ќе се фокусираме на Северноамериканската дивизија (САД), која ги вклучува САД, Канада, француските островски територии Сент Пјер и Микелон, британскиот остров Бермуди, како и американските територии Гуам, Вејк Остров, Северните маријански острови во Пацификот и три поврзани земји: Палау, Маршалските острови и Федералните држави на Микронезија.

Во оваа дивизија живеат 367 милиони луѓе, вклучувајќи 1,25 милиони верници на христијанската адвентистичка црква. Ова претставува соодност од 1 адвентист на секои 293 луѓе.

Проектите на 13. сабота од ова тримесечје ќе бидат спроведени во американската сојузна држава Аризона, канадската територија Нунавут и Палау, на архипелагот со повеќе од 500 острови кои се дел од Микронезија, во западниот дел на Пацификот. Четвртиот проект е наменет за бегалците во оваа дивизија.

**Специјални карактеристики**

Ако сакате да ја направите својата саботна школа поинтересна, можете да го преземете Мисионското списание во PDF верзија од линкот: bit.ly/NAD-2021 или читајте ги на фејсбук. Посетете ја нашата фејсбук-страница и ставете ми се допаѓа (Facebook.com/missionquarterlies).

Искористете ги предностите на мисионските стории во видеозаписот, кој ги изнесува искуствата на луѓето од целиот светот, со посебен фокус на оние што ќе ги примат мисионските дарови на 13-тата сабота. Ако сакате, можете да добиете опис на секој видеоклип и линк на интернет, за да можете да преземете апликација, или да ги гледате видеоклиповите онлајн.

Секоја седмица поставуваме дополнителни слики и занимливости кои можете да ги преземете и да ги прикажувате во својата класа на компјутер или на мобилен телефон додека ги читате мисионските стории, или можете да ги испечатите и со сликите да ја декорирате просторијата на саботната школа или вашата саботношколска табла.

Дополнителни информации и активности: Во одделот ИЗВОРИ, можете да најдете неколку веб-сајтови кои можат да ви помогнат, како и дополнителен материјал за вашите мисионски презентации. За дополнителни информации можете директно да ме контактирате на

mcchesneya@gc.adventist.org

Вашата поддршка во мисионството е значајна за единството на црквата.

Ви благодариме што помагате членовите на вашата саботношколска класа да се запознаат со своите духовни браќа и сестри ширум светот, и што ги охрабрувате да учествуваат во мисионството на црквата со помош на вашите дарувања.

Од срце ви посакувам изобилство Божји благослови!

## Можности

Даровите на 13-тата сабота за ова тримесечје ќе бидат употребени за:

- Сместување за училишниот персонал на островот Палау.
- Втората фаза на мултифункционалната спортска сала во индијанското училиште Холбрук во САД.
- Цркви за бегалци, како и стипендии за нивните деца во САД и Канада.
- Црква и центар на заедницата Иглулик во Канада.



# Среќен што повторно може да биде на тоа место

АРИЗОНА - САД | 3 јули 2021

**Адреин Вајлс, 20**

*Списанието „Адвентистичка мисија“ го изнесе искуството за Адреин во детското мисионско списание во второто тримесечје во 2018 година. Тој тогаш завршуваше дванаесетто одделение во индијанското адвентистичко училиште Холбрук Адвентист, мисионерско училиште за домородни деца во Аризона, САД.Адреин никогаш не го запознал својот татко, а неговата мајка често се опивала. Кога имал седум години, неговиот постар брат го научил да пие алкохол и да употребува дрога. Мислел дека сè е добро во неговиот живот. Тој не сакал да се пресели во Холбрук кога се запишал во трето одделение. Научил многу нови работи на училиште, вклучително и важноста на личната хигиена и миењето на облеката. Престанал да пие и да користи дрога. Сфатил дека играњето кошарка му помага да се чувствува подобро кога е тажен. Во седмо одделение, почнал да ја проучува Библијата со пасторот и му го предал своето срце на Исуса.*

*Ајде да погледнеме што се случувало со Адреин, по завршување на училиштето. Ова искуство е раскажано со негови зборови.*

„Дипломирав на индијанското училиште Холбрук во 2018 година. Му го предадов срцето на Исус и Тој ми помогна да ја надминам зависноста од дрога и алкохол и да најдам смисла во животот. Следејќи ги стапките на еден мој роднина, станав инженер. Се запишав на колеџот Унион, адвентистичка високошколска установа во Небраска, започнувајќи го моето студентско патување.

На колеџот сите беа љубезни, пријателски расположени и среќни. Ме поздравуваа дури и оние младичи или девојки што не ги познавав.

Стекнав другарства на предавањата, во хорот и спортските активности. Бев поканет да се придружам на курсот за проучување на Библијата со студентите по теологија. Ги засакав сите духовни програми што ги нудеше училиштето, вклучувајќи ја и програмата во петок навечер „Светли по вечерната служба“.

Сè се одвиваше прекрасно, сè додека не дознав дека моето образование ќе чини голема сума пари. Немав претстава за тоа. Кога ја добив сметката, бев шокиран.

Следната година, решив да одам на училиште во резерватот Навахо. По некое онлајн истражување, видов дека техничкиот факултет во Ново Мексико има добра програма за инженерство. Бев возбуден што можев да го продолжам моето образование таму, без да се грижам за високите трошоци во приватна христијанска школа.

Кога пристигнав, набргу сфатив дека немам ниту еден друг студент христијанин на колеџот, со кого би можел да се дружам. Искушението да се вратам на пијанството и дрогата беше неодоливо. Избегнував повторно да се впуштам во канџите на тие пороци, меѓутоа бев осамен.

За време на вториот семестар, бев толку осамен што помислив дека не можам повеќе да издржам.

Разговарав со вработените во индијанското училиште Холбрук, кои останаа во контакт со мене. На мое изненадување, беше отворено работно место во Холбрук - секретар за грижа на вработените. На тој начин, можев да го продолжам моето образование и да работам во институцијата што ја сакав.

Разликата во атмосферата меѓу техничкиот факултет и индијанското училиште Холбрук е огромна. Тука се чувствував како дома. Среќен сум што можам да бидам повторно на ова место.

Сакам да се вратам на колеџот Унион и да го довршам образованието. Се молам Бог да ми овозможи да го остварам ова, без да се задолжувам поради мојата школарина. Знам дека Бог има план за мојот живот. Ве замолувам да се молите за мене, да одам по Неговиот

пат каде и да ме води.

Ви благодарам што со вашите дарови на тринаесеттата сабота пред три години помогнете да започне изградбата на спортскиот центар наречен „Центар за нов живот“ во индијанската адвентистичка школа Холбрук.

Вашите дарови од ова тримесечје ќе помогнат да се заврши изградбата на втората фаза на овој центар, кој ќе може да посвети внимание на децата и младите од американските староседелци, кои имаат голема стапка на дебелина, срцеви заболувања, дијабетес, депресија и самоубиства.

## Во врска со искуството

- Замолете еден младич да ја раскаже оваа приказна како свое искуство.
- Погледнете го видеото на YouTube со Адреин од 2018 година: bit.ly/Adrain-2018.
- Преземете слики од Фејсбук: (bit.ly/fb-mq).
- Преземете ги мисионските објави и брзите факти од Северноамериканската дивизија: bit.ly/NAD-2021.
- Мисионската приказна ги изнесува ставовите на христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Целта број 6 зборува за зголемување на пристапот, задржување и објавување на сведоштвата на децата и младите. Целта број 7 е да им помогнеме на децата и младите да го стават Бога на прво место во нивниот живот, покажувајќи им го тој начин библискиот поглед на светот. На овој начин, црквата сака да ги охрабри децата и младите да го присвојат верувањето дека телото е храм на Светиот Дух и да се воздржуваат од употреба на алкохол, тутун, рекреативно користење на дрога и други опијати, како и да ги прифатат и сите други учења на Светото Писмо за бракот, за сексуалната чистота. Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам“: IWillGo2020.org.

## Мисионски информации

- Индијанското училиште Холбрук е отворено во 1946 година во Холбрук, Аризона. Покрај редовните предмети, како што се: англиски јазик, историја, математика и наука, има и часови по изборни предмети како што се: механика, јавање, заварување, дрводелство. Училиштето работи и на заштита на културата на северноамериканските Индијанци, подучувајќи ги младите околу изработка на глинени садови и јазикот Навахо. Училиштето во моментов е финансирано 20% од Пацифичката унија, а 80% од донации.



АРИЗОНА, САД | 10 јули 2021

# Патување под заштита

**Џоди Опик, 39**



Заедно со мојот сопруг, Дерик, патувавме со автомобил до едно место оддалечено три часа од Холбрук, во главниот град на Аризона, Феникс. Јас работам во индијанското адвентистичко училиште Холбрук на рецепција, како службеник во администрацијата, а Дерик работи на одржување. Таа сабота попладне возев со нашиот автомобил додека Дерик спиеше на совозачкото седиште.

Доцневме. Одевме за Феникс за да присуствуваме на попладневното богослужение во црквата, но прво требаше да ја земеме мајка ми, која сакаше да дојде со нас.

За време на патувањето врнеше силен дожд. Патот водеше низ планинските предели полни со свиоци. Возев прилично брзо, а сепак бројни автомобили нè заобиколија на патот.

Некаде на половина пат, изгубив контрола над автомобилот. За само неколку секунди, свртевме 180 степени и удривме во земјен рид крај патот. Потоа се превртевме од страната каде што седеше Дерик и се лизгавме околу 75 метри. Пред да запреме целосно, автомобилот повторно се врати на сите 4 тркала.

Дерик и јас седевме во целосен шок.

Тогаш Дерик се обиде да ја отвори својата врата, но не успеа. Беше заглавена. Намирисавме чад. Од страв дека автомобилот ќе се запали, тој извика: „Некако мора да излеземе!“

Во тој момент, се отвори вра тата од мојата страна.

„Дали сте добро“, праша жената што ја отвори вратата.

Таа го видела целиот тек на оваа несреќа и застана да ни помогне.

Неколку моменти подоцна и други луѓе се собраа околу автомобилот. Нè прашаа дали сме се јавиле во шлеп-службата. „Не", но дури и пред да можам да одговорам, камион на влечната служба стоеше пред нас. Сопственикот на камионот за влечење возел по овој пат одејќи на забар, и тогаш ја видел несреќата.

„Можам ли некако да ви помогнам?" нè праша тој.

А потоа, дури и пред да повикаме полиција, се појави полицаец за да воспостави ред во сообраќајот. Неговата помош беше многу потребна, бидејќи нашето возило се наоѓаше на кривина и не беше видливо за возилата што доаѓаа.

За само неколку моменти, нашиот автомобил беше натоварен на камионот за влечење и беше подготвен да тргне. Само тогаш можевме да ја видиме штетата на автомобилот. Автомобилот, одозгора и странично, беше целосно смачкан. Штетата беше целосна.

Јас и Дерик седнавме со возачот на шлеп-камионот, обидувајќи се да си објасниме што всушност се случи. Планиравме тој ден да земеме пријател со нас во Феникс, но планот не успеа. Обично, патуваме со нашето куче, но кучето денес не беше со нас.

Од другата страна на патот и ридот во којшто најпрво удривме, имаше карпа.

Дерик и јас ја преживеавме оваа несреќа со неколку модринки, мали исеченици и набиени места.

Како се случи тоа, а да не налетаме на други автомобили на овој фреквентен пат додека се тумбавме? Како завршивме повторно на тркала? Како не ја пробивме банкината на коловозот и не слетавме во бездната длабока 30 метри?

Единствениот можен одговор беше дека Бог ги спаси нашите животи. Тој се погрижи за сè уште пред да тргнеме. Подоцна дознавме дека Бог делувал на некои наши пријатели да се молат за нас тој ден. Бог одговорил на нивните молитви. Помалку од еден час по инцидентот, пријателите од индијанското училиште Холбрук дојдоа да нè земат и не одведоа дома.

Псалмот вели: „Но Господ е мое прибежиште и Бог мој - сигурна тврдина моја" (Псалм 94,22).

Бог нè заштитуваше многу пати во нашиот живот. Ние сме

му навистина благодарни на Бога за неговата постојана грижа над нас.

Ви благодариме што великодушно ги приложивте вашите дарови на 13-тата сабота пред три години, што помогна да се започне изградбата на спортски и здравствен центар наречен „Центар за нов живот“ во кампусот на индијанската адвентистичка школа во Холбрук. Вашите донации ова тримесечје ќе бидат употребени за завршување на втората фаза од изградбата на овој центар. Овој центар ќе му помогне на училиштето да ја помогне во третирање на високата стапка на дебелина, срцеви нарушувања, дијабетес, депресија и самоубиства меѓу децата на популацијата староседелци во Америка.

## Во врска со искуството

- Замолете женско лице да ја раскаже оваа приказна како свое искуство.
- Преземете слики од Фејсбук (bit.ly/fb-mq).
- Преземете ги мисионските објави и брзи факти од Северноамериканската дивизија: bit.ly/NAD-2021.

Џоди ја раскажува својата мисионска приказна за да им помогне на младите секогаш да го ставаат Бога на прво место и да го покажат христијанскиот светоглед во нивниот животен пример, што е 7. цел на Христијанската адвентистичка црква во стратешкиот план: „Јас ќе одам“. Дознајте повеќе за стратешкиот план на НАС на: IWillGo2020.org.

## Брзи факти

- По долго талкање, властите се обидоа да ги принудат членовите на племето Навахо да ги запишуваат своите деца во западен стил на образование, особено со интернатски школи, кои биле осмислени не само за да ги едуцираат, туку и да ги американизираат децата, што некои луѓе подоцна тоа го нарелке „културолошки геноцид“.
- Ако исечете кактус во Аризона, можете да завршите со затворска казна од 25 години. Кактусот „Сагуаро“ може да порасне до 15 метри во висина, но расте многу бавно. Овој кактус може да живее до 200 години.



# Не си сама

АРИЗОНА, САД | 17 јули 2021

**Алијандра, 17**

Во текот на моето детство искусив работи низ кои мислам дека децата не треба да поминуваат. Гледав како луѓето пијат, го губат умот поради дрога. Видов како пушат марихуана со надеж дека ќе се чувствуваат поубаво, барем и за кратко време.

Мајка ми е од племето Навахо, а татко ми е Мексиканец. Едно време моето семејство беше добро и грижливо, одевме во црква секоја недела, но одеднаш мајка ми почна да пие алкохол и се чинеше дека сè почна да се распаѓа. Како мало девојче, бев сведок на кавги, кога татко ми ја тепаше мојата мајка со тупаници, а понекогаш користеше стап. Бев исплашена затоа што се чувствував слаба и беспомошна. Немав сила нешто да променам.

Мајка ми заминуваше и се враќаше од затвор под обвинение за семејно насилство, се опиваше додека возеше. Душата ме болеше поради таквата состојба.

Во тоа време, честопати се случуваше татко ми да биде надвор од куќата. Неколку пати беше депортиран во Мексико, но секогаш се враќаше во САД. Никогаш во животот не ми посакал среќен роденден. Сепак, Бог ми даваше сила секој ден да продолжам понатаму. Иако немав земен татко кој би се грижел за мене, го имав небесниот Татко кој ме сакаше.

Стекнав навика да ги кријам чувствата и честопати се преправав дека сè е во ред.

Луѓето понекогаш ме прашуваа како успевам да ги држам во себе и да не ги покажувам

## Во врска со искуството

- Замолете женско лице да ја изнесе оваа сторија како свое искуство.
- Списанието „Адвентистичка мисија“ не ги објавува вистинските имиња на лицата помлади од 18 години.
- Преземете слики од Фејсбук (bit.ly/fb-mq).

Преземете ги мисионските објави и брзи факти од Северноамериканската дивизија: bit.ly/NAD-2021.

Мисионската приказна ги изнесува ставовите на христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Целта број 6 зборува за зголемување на пристапот, задржување и објавување на сведоштвата на децата и младите. Целта број 7 е да им помогнеме на децата и младите да го стават Бога на прво место во нивниот живот, покажувајќи на го тој начин библиски поглед на светот. На овој начин, црквата сака да ги охрабри децата и младите да го присвојат верувањетои дека телото е храм на Светиот Дух и да се воздржуваат од употреба на алкохол, тутун, рекреативно користење на дрога и други опијати, како и да ги прифатат и сите други учења на Светото Писмо за бракот, за сексуалната чистота. Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам“: IWillGo2020.org.

## Брзи факти

- Соединетите Американски Држави се третата по големина држава во светот, по Русија и Канада, и трета по големина во светот, по Кина и Индија.

Аризона е шеста по големина држава во САД и четиринаесетта по големина според бројот на жители. Сместена е во југозападниот дел на САД. Се граничи со Невада, Ново Мексико, Јута, Калифорнија и Колорадо.

- Аризона е позната по Гранд Кањонот кој е длабок 1,6 км, долг 365 км и широк 29 км.

моите чувства. Сепак, тешко е да се навикнете на тоа кога никој не знае како се чувствувате.

Како што станував постара, се променив и станав поинаква личност. Станав премногу заштитнички свртена кон моите помлади браќа и сестри. Неколку пати учествував во разни тепачки, бегав од часови за да бидам „царица“ (модерен сленг-термин што се користи

меѓу младите; заб. на прев.) во друштвото и почнав да пушам марихуана.

Кога имав 12 години, сфатив дека не сакам да бидам како моите родители. Но, не знаев што треба да направам.

Една или две години подоцна, дојдов во индијанското адвентистичко училиште Холбрук, запишувајќи се во 9 одделение. На училиште го запознав и го засакав Христас, сфаќајќи колкава љубов има Тој кон мене. Без оглед низ што поминав, Бог имаше план за мене, вклучувајќи го и моето доаѓање во училиштето Холбрук.

Мојот поглед кон животот се промени. Сега знам дека Бог бил со мене во текот на целиот мој живот, само тогаш не го разбирав тоа. Тој бил веднаш до мене, ми давал сила да продолжам да напредувам, без оглед низ што минував.

До денешен ден Тој продолжува да ми дава сила во сѐ што правам, во секоја одлука што ја донесувам и секогаш кога ќе помислам да се откажам.

Мојот омилен библиски стих е: „Господ ќе се бори за вас, а вие бидете спокојни“ (2. Мојсеева 14,14).

Бог ќе ви даде победа во сите околности низ кои минувате, ако му дозволите Тој да се погрижи за тоа. Тој ве држи во рака, и ќе се бори за вас. Вие не сте сами. Јас не сум сама.

Ви благодариме што приложивте великодушни дарови во 13-тата сабота пред три години, што помогна да се започне изградбата на спортскиот и здравствениот центар, наречен „Центар за нов живот“, на кампусот Холбрук на индијанската адвентистичка школа. Вашите дарувања од ова тримесечје ќе бидат искористени за да се заврши втората фаза од изградбата на овој центар. Овој центар ќе му помогне на училиштето да ја третира високата стапка на дебелина, срцеви нарушувања, дијабетес, депресија и самоубиства кај децата меѓу староседелците Американци.



# Опкружена со љубов

АРИЗОНА, САД | 24 јули 2021

**Шанел Дрејпер, 24**



Иако пораснав со моето семејство во мал град, бев сведок на скоро секојдневна употреба на алкохол, дрога и насилство. Ова беше многу честа појава. Се сеќавам дека луѓето поставуваа огради, но тоа не спречи алкохолот, дрогата и насилството да навлезат во училниците на училиштата. Бандите започнаа да се тепаат околу територијата на која дејствуваат. Ова се случуваше во постарите години од основното училиште.

Понекогаш кога бев сама, за мене не беше безбедно дури ни одењето од автобуската станица до дома.

Можеби тоа е една од причините зошто мајка ми и тетка ми одлучија да ме отпишат од државното училиште и да ме испратат во приватно.

Првиот избор на мајка ми беше приватно училиште во државата Ново Мексико, но таму ме ставија на листа на чекање. Тогаш размислувавме за друго училиште во Ново Мексико, но не можев да го посетувам него, бидејќи тоа беше дневно училиште, а не интернатско. На крајот, мајка ми дозна дека некои наши роднини ги запишале своите деца во индијанското адвентистичко училиште Холбрук, во Аризона. Училиштето беше далеку од нашиот дом, но мајка ми и тетка ми одлучија дека ќе биде најдобро за мене да учам таму.

Се запишав во деветто одделение во август 2010 година. На почетокот беше тешко, затоа што бев разделена од семејството. Немав никакви проблеми околу работите што ги извршував, како што се перење на облеката, средување на просторијата и грижа за мене

самата. Единственото нешто за што не бев подготвена, беше библискиот час.

Порано одев во црква со тетките, но само затоа што не можеа да ме остават сама дома. Тетките ме носеа во разни цркви, па дури и на летен библиски курс, но сепак не знаев како да ја читам Библијата.

Во училиштето Холбрук беше непријатно ако не знаете како се чита Библијата, бидејќи сте во христијанско училиште.

Сепак, полека почнав да дознавам работи за Исус и за тоа како Тој работи во нашиот животи. Наскоро му го предадов срцето на Исуса.

Четири години подоцна, завршив на индијанското училиште Холбрук. Потоа студирав на колеџ две години, а подоцна почнав да се занимавам и со други работи. Мојот живот стана полн со обврски, така што го изгубив Исуса од вид и дека сум адвентист.

Додека бев кај една пријателка во Тексас, дознав дека тетка ми, која ми беше како мајка, е сериозно болна и дека е во болница во Феникс, Аризона. Фатив авион од Тексас за Аризона на мојот роденден, за да ја изненадам тетка ми. Поминав извесно време со неа, пред таа да почине неколку дена подоцна.

По нејзината смрт, се вратив во Тексас. Меѓутоа, не бев среќна.

Кога една пријателка од Холбрук ме информираше за работа во училишната администрација, ја прифатив таа можност.

Кога се вратив во училиштето, работев со ученици и тоа ми донесе огромна радост.

Следната година, училиштето ме замоли да станам координатор за школарина и студентски прашања.

Моето враќање во Холбрук го промени мојот живот на многу начини. Навистина е неверојатно да се биде опкружен со љубов.

Ви благодариме што приложивте великодушни дарови во 13-тата сабота пред три години, што помогна да се започне изградбата на спортскиот и здравствениот центар, наречен „Центар за нов живот“, на кампусот Холбрук на индијанската адвентистичка школа. Вашите дарувања од ова тримесечје ќе бидат искористени за да се заврши втората фаза од изградбата на овој центар. Овој центар ќе

му помогне на училиштето да ја третира високата стапка на дебелина, срцеви нарушувања, дијабетес, депресија и самоубиства кај децата меѓу староседелците Американци.

By Shanel Draper

## Во врска со искуството

- Замолете женско лице да ја изнесе оваа сторија како свое искуство.
- Преземете слики од Фејсбук (bit.ly/fb-mq).
- Преземете ги мисионските објави и брзи факти од Северноамериканската дивизија: bit.ly/NAD-2021.

Мисионската приказна ги изнесува ставовите на христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Целта број 6 зборува за зголемување на пристапот, задржување и објавување на сведоштвата на децата и младите. Целта број 7 е да им помогнеме на децата и младите да го стават Бога на прво место во нивниот живот, покажувајќи на го тој начин библискиот поглед на светот. На овој начин, црквата сака да ги охрабри децата и младите да го присвојат верувањетои дека телото е храм на Светиот Дух и да се воздржуваат од употреба на алкохол, тутун, рекреативно користење на дрога и други опијати, како и да ги прифатат и сите други учења на Светото Писмо, за бракот, за сексуалната чистота. Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам“: IWillGo2020.org.

## Мисионски информации

- Црковната област во Аризона, каде што се наоѓа индијанското училиште Холбрук, има 78 цркви со 20.692 верници. Од 7.052.954 население во државата, има 1 адвентист за секое 341 лице.

Универзитетот Оуквуд, во државата Алабама, е единствената образовна институција која е директно поврзана со Северноамериканската дивизија на адвентистичката црква.

- Народот Навахо се наоѓа во пограничните делови на Аризона, Ново Мексико и Јута. Територијата на народот Навахо зафаќа 71.000 км2, што е поголема територија од 10 држави во САД.



# Негувателка за да води кон Исцелителот

АРИЗОНА, САД | 31 јули 2021

**Нанет Ортиз, 53**

Како изгледа да се биде прецепторка задолжена за женскиот дел од школското тело во адвентистичкото индијанско училиште Холбрук?

Лили ја запознав веднаш штом дојдов во училиштето Холбрук. Оваа седумнаесетгодишна девојка веднаш ме прифати и се однесуваше кон мене како кон своја баба. Таа секогаш беше подготвена да ми помогне околу спалната соба. „Може ли да ви помогнам да направите мафини оваа седмица?“ – ќе ме прашаше или ќе ми речеше: „Може ли да ти помогнам да напишеш библиски стих на огласната табла?“

Јас јасно се сеќавам на уште едно прашање што ми го постави на почетокот на учебната година. „Дали знаете дека минатата година двапати потпишав договор со одобрение од медицинска установа?

Јас воопшто не знаев што ми зборува.

Открив дека девојчето имало толку многу депресија минатата учебна година, што во неколку наврати се обидела да си наштети себеси, па затоа потпишала договор со медицинска установа како ветување дека ќе побара помош пред да се обиде да си наштети себеси.

Многу девојки кои доаѓаат во индијанското училиште Холбрук, доаѓаат со екстра тежок емоционален багаж. Тие доживеале многу форми на трауми, дури и во раните години.

Се сеќавам на едно девојче од второ одделение, Роз, која ми рече дека била сведок на убиството на нејзиниот татко.

Една вечер, додека се подготвував да ја напуштам мојата канцеларија во женскиот блок, ова мало девојче влезе во канцеларијата и ми скокна во прегратките.

„Не можам да спијам“, ми рече таа. „Го гледам тато како ми се смее низ прозорецот.“

Ја одведов назад во нејзината соба, пеев и се молев со неа. Јас

и самата имав проблем со спиењето и размислував за тоа низ што сè минуваат сите овие девојки и девојчиња.

Два месеци Лили имаше проблеми со кошмарите. Кога почна да го опишува она што сонува, сфатив која е причината што дојдов во ова училиште. Видете, јас веќе ги искусив истите кошмари кога бев тинејџерка.

Бог сакаше да воспоставам посебна врска со Лили, за да можам да ја охрабрам, да ја уверам дека и таа ќе може да ги надмине тие ноќни кошмари со Божја помош. Јас ѝ реков дека Бог ме ослободи од кошмарите со својата моќ и дека може истото да го направи и за неа.

Некои ученици повеќе сакаат да останат на училиште, отколку да се вратат во своите домови за време на училишниот одмор, затоа што атмосферата во нивните домови е токсична.

Се сеќавам на денот кога Роз се врати на училиште, по краткиот одмор поминат со нејзината мајка. Кога ја отворив вратата од нејзината соба, таа погледна и со воздишка, полна со чувство на олеснување, рече: „Добро е да си повторно дома“.

Лили избегнуваше да си оди во својот родителски дом. До денес не знам каква траума доживуваше оваа девојка, што влијаеше толку емотивно врз неа. Но, тоа не е моја работа. Мојата работа е да покажам безусловна љубов кон сите девојчиња и девојки, за тие да разберат дека јас сум нивната негувателка, која се грижи за нив тука, а Бог е нивниот исцелител.

Додека ја проучувавме приказната за Создавањето оваа седмица, ја прашав Лили: „Дали си слушнала за оваа приказна пред да дојдеш во ова училиште?“

„Не“, одговори девојчето.

„И Библија? Дали си видела Библија дома или во куќата „шимасана“ (куќа на баба и дедо на индијански јазик)?

Таа одмавна со главата. Прв пат видела Библија кога дошла во индијанското училиште Холбрук.

Ѝ објаснив на Лили дека многу луѓе во светот мислат дека приказната за Создавањето е само бајка.

„Што мислиш ти за оваа приказна?“ ја прашав.

Лили не се сомневаше.

„Г-дин Хабард, професорот по математика, секогаш го започнува својот час со мало духовно размислување“, рече таа. „Денес тој нè наведе на размислување кога ни рече дека работите не настануваат сами од себе, од

ништо, туку дека тие имаат свој Творец.“

Разговорот со Лили и другите девојчиња ме потсетува на стихот на апостол Павле: „Јас посадив, Аполос полеа, но Бог направи да израсне“ (1. Коринќаните 3,6).

Ви благодариме што приложивте великодушни дарови во 13-тата сабота пред три години, што помогна да се започне изградбата на спортскиот и здравствен центар, наречен „Центар за нов живот“, на кампусот Холбрук на индијанската адвентистичка школа. Вашите дарувања во ова тримесечје ќе бидат искористени за да се заврши втората фаза од изградбата на овој центар. Овој центар ќе му помогне на училиштето да ја третира високата стапка на дебелина, срцеви нарушувања, дијабетес, депресија и самоубиства кај децата меѓу американските староседелци.

## Во врска со искуството

- Замолете женско лице да ја изнесе оваа сторија како свое искуство.
- Имињата на учениците се променети за да се заштити нивната приватност.
- Преземете слики од Фејсбук (bit.ly/fb-mq).
- Преземете ги мисионските објави и брзите факти од Северноамериканската дивизија: bit.ly/NAD-2021.
- Мисионската приказна ги изнесува ставовите на христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Целта број 6 зборува за зголемување на пристапот, задржување и објавување на сведоштвата на децата и младите. Целта број 7 е да им помогнеме на децата и младите да го стават Бога на прво место во нивниот живот, покажувајќи им го тој начин библискиот поглед на светот. На овој начин, црквата сака да ги охрабри децата и младите да го присвојат верувањетои дека телото е храм на Светиот Дух и да се воздржуваат од употреба на алкохол, тутун, рекреативно користење на дрога и други опијати, како и да ги прифатат и сите други учења на Светото Писмо, за бракот, за сексуалната чистота. Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам“: IWillGo2020.org.

## Брзи факти

- Називот „Навахо“ потекнува од шпанскиот дијалект Тева, што го користи народот Пуебло. Зборот „Навахо“ значи полиња опкружени со клисура. Индијанците од Навахо се нарекуваат „Дине“.



АРИЗОНА, САД | 7 АВГУСТ 2021

# Плажа или пустина

**Дијана Фиш, 56**

Јас и мојот сопруг Лорен имавме некои работи за кои сонувавме. Тој имаше успешна кариера во советодавни работи, а јас работев во канцеларијата за развој на Advent Health (Адвентистичка здравствена организација). Ние го сакавме нашиот начин на живот и честите патувања на плажите на Флорида.

Меѓутоа, се чинеше како нешто да ни недостасува. Почнавме да се молиме на Бога да нè води да работиме заедно во Неговата служба со цело работно време.

Всушност, не бевме подготвени Бог да нè води на друго место освен во Тенеси, каде што живееја нашите деца и внуци.

Од каприц, отидов во конференцијата што ја организираше службата на жени при Северноамериканската дивизија. Тоа беше време на моќни молитви и предавање себеси на Бога. Кога заврши семинарот, поминав покрај штандот на индијанското адвентистичко училиште Холбрук во големата сала за конгреси и ги забележав прекрасните садови што ги направиле студентите. Купив три грнчарски садови од коњско влакно.

Додека купував, жената што работеше на штандот ме праша што работам. Кога ѝ реков дека работам во канцеларија за развој, таа ми покажа една жена кај соседниот штанд.

„Таа е нашата директорка за развој и наскоро оди во пензија“, рече таа.

Ми кажа дека училиштето Холбрук се наоѓа во Аризона. „Нема шанси да се преселиме таму“, си помислив.

Со мојот сопруг отсекогаш живеевме крај море. А пустината Аризона не беше на нашата листа на место за живеење.

Поминаа шест месеци, а јас и Лорен продолживме да се молиме. Еден пријател му рече на Лорен дека се отвора работно

место за професор на Катедрата за социологија на Јужниот адвентистички универзитет во Тенеси. Почнавме да размислуваме да се преселиме во Тенеси.

Лорен донесе одлука да присуствува на Генералната конференција во Сан Антонио, во Тексас. Додека беше таму, на саемот за занаетчиство, од далечина ја видел грнчаријата со коњски влакна и наскоро се нашол пред штандот на индијанското училиште Холбрук. Жената што работеше на штандот го забележа неговиот беџ „LCSW“.

„Дали тоа значи лиценциран клинички за нешто?“, праша таа. Лорен кимна со главата и одговори: „Лиценциран клинички социјален работник“.

„Па, нам токму тоа ни треба“, возбудено извика жената.

Лорен нервозно се насмевнал, гледајќи како да го напушти штандот, меѓутоа, жената го прашала за работата на неговата сопруга. Тој одговорил дека работи во канцеларијата за развој во болница на Флорида.

„И тоа ни треба“, рекла жената повикувајќи го својот сопруг, кој бил директор на училиштето во Холбрук.

Подоцна, кога Лорен се врати во нашата куќа, ми раскажа за целиот овој разговор со жената од Холбрук.

Неколку седмици подоцна, пред крајот на нашиот одмор, решивме да го посетиме училиштето Холбрук. Пред да дојдеме во Холбрук, Лорен доби повик од Јужниот адвентистички универзитет. Му беше речено дека не ја добил работата како професор.

Го фати паника и не знаеше што да прави и што да преземе понатаму. Почувствував дека Бог нѐ повикува да го следиме, но дали бев подготвена да одам?

Лорен и јас поминавме повеќе од девет часа разговарајќи со вработените во училиштето Холбрук за мисијата на училиштето насочена кон децата од индијанската популација.

Дознавме дека вработените во училиштето сакале да добијат личност со христијански ставови, која ќе им помогне на учениците со траумите предизвикани од стресови и други ментални проблеми. Таа ноќ не можев да спијам мирно.

Меѓутоа, пред да станам следниот ден, ми падна на ум една мисла, колку всушност би било добро тоа што ќе работам во Холбрук. Скокнав од креветот и отидов во библиотеката,земајќи позната книга од полицата. Погледнав во ранецот и ја извадив истата книга што Лорен

ја доби на соборот на Генералната конференција.

Книгата беше насловена „Следи го Него во секое време, каде било и по која било цена“, од Дон Мекфлерти.

Во тој момент, знаев дека Бог ме повикува во Индијанското училиште Холбрук. Во молитвата што му ја упатив на Бога, му реков дека треба да ја стави истата идеја и во срцето на Лорен. Се молев и чекав.

Неколку дена подоцна, додека влегувавме во нашиот дом на Флорида, Лорен изјави дека почувствувал дека Бог го повикува да се преселиме во Холбрук.

Таа вечер, ги поднесоваме нашите биографии за работа и започнавме со пакување. Две седмици подоцна, почнавме да работиме во Холбрук. Навистина сме среќни што го следевме Бога и дојдовме во Холбрук.

Ви благодариме за вашите дарови на 13-тата сабота, што ги дадовме пред три години, со кои започна изградбата на спортскиот и здравствен центар „Центар на нов живот “ во кампусот на адвентистичкото индијанско училиште Холбрук.

## Во врска со искуството

- Замолете помладо женско лице да го изнесе ова искуство.
- Download photos on Facebook: bit.ly/fb-mq.
- Преземете ги мисионските објави и брзи факти од Северноамериканската дивизија: bit.ly/NAD-2021
- Оваа мисионерска приказна ги илустрира ставовите на христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Целта број 1 зборува за концептот на мисија низ целиот свет и жртвувањето на времето, средствата во таа мисија, која ги вклучува не само пасторите, туку и верници на црквата, и млади и стари, во радосно сведочење на луѓето за Христа, со цел да ги направат Негови ученици. Целта број 1 е да се зголеми бројот на верниците во црква да учествуваат, како во јавните мисионски активности, така и во индивидуалните, во личен духовен живот, со цел целосно вклучување на сите верници во духовниот раст. Целта број 5 е зајакнување на мисионскиот дух, и на поединците и на семејствата, да доведе до значително зголемување на бројот на верници кои редовно се молат, кои ја проучуваат Библијата, и ги користат саботношколските материјали и списите на Елена Вајт. За повеќе информации за стратешкиот проект на христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам“, видете на: IWillGo2020.org.




# Специјално пријателство

МАРШАЛСКИ ОСТРОВИ | 14 август 2021

**Рајџан, 15**

15-годишното момче-мисионер на Маршалските острови воспоставило неочекувано пријателство преку писма со седумдесет и седумгодишен пензиониран мисионер од далечната американска држава Тексас.

Пријателството започнало кога стариот мисионер, дедо Боб, дознал за семејството на младиот мисионер преку мисионските стории од ова мисионско тримесечно списание.

Таткото на момчето бил директор на училиштето, а неговата мајка предавала во адвентистичкото мисионско училиште на оддалечениот остров Ебеја. Дедото Боб сакал да направи нешто посебно за да му помогне на ова семејство.

Тој веќе учествувал во саботношколските мисионски дарувања секоја седмица, а дал нешто дополнително кога бил собиран дарот на 13-тата сабота, за да му помогне на училиштето во 2018 година. Но, тој сакал да стори нешто повеќе. Одлучил да подготвува и да испраќа месечни пакети со играчки, храна, училиштен прибор за семејството на момчето и за други мисионери на тој остров.

Рејџан имал 13 години кога пристигнал првиот пакет. Целото негово семејство клекнувало и упатувало благодарна молитва пред да го отвори секој нов пакет. Но, пред да може да си игра со нова играчка или да изеде слатки, неговиот татко му рекол да му напише писмо со благодарност на дедото Боб. Така започнало ова неочекувано пријателство преку писма. Дедото Боб испраќал пакети, а Рејџан одговорал со писма на благодарност.

Во текот на три години, Рејџан добивал многу пакети и испратил многу писма. Тој пишувал за

својата радост за време на отворањето на пакетите, ги опишувал неговите училишни денови. Во едно писмо, тој изразил страв од смрт кога еден од неговите школски пријатели ненадејно починал, а светски познатиот кошаркар Коби Брајант загинал во хеликоптерска несреќа во текот на истата седмица.

Набргу откако испратил писмо дека се плаши да не умре, тој добил одговор од дедо Боб. Тоа било прво и единствено писмо што тој лично му го испратил.

Три седмици подоцна, старииот Боб бил хоспитализиран и наскоро пуштен на домашно лекување. За време на тие две недели на закрепнување, старецот подготвил уште 8 пакети за Рајан и за неговото семејство. Последниот пакет содржел писмо напишано од синот на овој старец, откако овој благороден човек починал.

Смртта на дедото Боб го трогнало Рејџан, но тој продол жил да пишува. Го испратил следното писмо до неговиот син, како одговор на последниот пакет и писмото што било во него. Тоа гласело:

„Примете го моето сочувство. Тој ден, кога дознав за смртта на дедо Боб, бев шокиран, иако знаев дека му остана да живее уште кратко време откако ја напушти болницата. Се надевав дека ќе биде поинаку. Во февруари оваа година напишав дека смртта доаѓа лесно и неочекувано кај нас луѓето. Ме трогна ненадејната смрт на мојот пријател и познат кошаркар Коби Брајант. Една седмица подоцна, дедо Боб одговори, дека иако е тажно кога некој ќе умре, ние не треба да се плашиме од смртта затоа што нашиот Бог ја победил смртта. Тој рече дека треба да живееме како да ќе умреме утре, а во исто време, како да ќе живееме уште 100 години. Дедо Боб ме охрабри да продолжам со мојот живот, но да не ги пропуштам новите можности што ми ги носи утрешнината, користејќи го секој ден како нова можност да им сведочам на луѓето за Бога и да ги придобивам нивните животи во Негово име.

Јас сум многу благодарен за охрабрувањето што ми го даваше, зашто сега сум помалку тажен отколку што би бил кога не би ги примал неговите писма.

Иако не го познавав лично, тој влијаеше врз мене, охрабрувајќи ме секогаш да бидам сочувствителен, пријателски

расположен и љубезен кон другите. Иако немав можност да се сретнам со него на овој свет, јас цврсто верувам дека ќе го видам еден ден кога ќе дојде Господ Исус."

Не можам да знам колкава тага вие чувствувате, но знам дека Бог ги разбира сите околности низ кои минуваме и дека можеме да најдеме утеха во Него.

Ви благодариме за вашите седмични мисионски дарови, кои го помагаат мисионското дело на Маршалските острови и низ целиот свет. Ви благодарам што размислувате да сторите нешто повеќе за да го унапредите Божјето дело во светот, во Христово име.

## Во врска со искуството

- Дедо Боб е Роберт Мекчизни, пензиониран мисионер, кој предавал на адвентистичките институции во Замбија, Зимбабве, Индонезија и САД во текот на 40 години. Тој е татко на уредникот на мисионското списание „Адвентистичка мисија", Ендру Мекчизни.
- Гледајте за Рејџан на YouTube: bit.ly/Surprise-Box-NAD.
- Преземете слики од Фејсбук (bit.ly/fb-mq).

  Преземете ги мисионските објави и брзи факти од Северноамериканската дивизија: bit.ly/NAD-2021.
- Мисионската приказна ги изнесува ставовите на христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам" зборува за целите на духовниот раст. Целта број 6 зборува за зголемување на пристапот, задржување и објавување на сведоштвата на децата и младите. Целта број 7 е да им помогнеме на децата и младите да го стават Бога на прво место во нивниот живот, покажувајќи на го тој начин библиски поглед на светот. На овој начин, црквата сака да ги охрабри децата и младите да го присвојат верувањетои дека телото е храм на Светиот Дух и да се воздржуваат од употреба на алкохол, тутун, рекреативно користење на дрога и други опијати, како и да ги прифатат и сите други учења на Светото Писмо, за бракот, за сексуалната чистота. Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам": IWillGo2020.org.

## Мисионски информации

- Адвентистичкото училиште Делап што го посетува Рејџан, е дванаесетгодишно училиште со кое раководи мисијата во Гуам – Микронезија. Училиштето се наоѓа во Мајуро, главниот град на Маршалските Острови. Основано е во 1978 година. Во него претежно работат студенти-мисионери.



# Фудбал, супа и Господ

НУНАВУТ, КАНАДА | 21 август 2021

**Сакиле Сибанда Камера, 52**

*(Замолете две лица да го претставаат ова интервју)*

**Нараторот:** Нунавут е најновата, најголемата, најсеверната територија на Канада. Нунавут е основана во 1999 година. Тоа е огромна територија ретко населена со тундра, груби планини и изолирани села до кои може да се стигне само со брод или со авион. На таа територија има и мала група христијани адвентисти. Денес, ќе запознаеме еден од нив.

Дали би сакале да се претставите?

**Сакиле:** Се викам Сакиле. Сопруга сум и мајка на две деца, момче и девојче. Работам како медицинска сестра во главниот град Нунавут Икалуит, кој има околу 8.000 жители. Се преселивме овде пред една година од Понд Инлет, мала заедница од 1.800 луѓе северно од Нунавут.

**Нараторот:** Територијата на Нунавут се соочува со големи предизвици како што се висока стапка на бездомници, семејно насилство. Што можат да направат адвентистите во таа насока?

**Сакиле:** Кога дојдовме во Понд Инлет, таму живееше адвентистичко семејство од Јамајка. Кога тие заминаа, ние бевме единствените адвентисти и живеевме во центарот на таа заедница. Мојот сопруг работеше во општинската влада, а јас бев единствената медицинска сестра во соседството. Да не ги извршувавме нашите работни обврски, работите не би можеле да функционираат нормално на тоа место. Како резултат на тоа, можете да кажете дека имавме влијателни позиции. Но, тоа ни го отежна сведочењето. Некои луѓе не беа подготвени да прифатат сè што кажувавме, а ние не сакавме да ги наметнуваме нашите ставови. Бевме многу внимателни. Сепак, имаше некои работи што ги направивме.

Основавме фудбалски клуб за девојчиња од 9 до 12 години. Понд Инлет немаше женски фудбалски клуб, а нашиот клуб имаше добро влијание во локалната средина.

Возрасните почнаа да забележуваат дека младите девојки повеќе не талкаат бесцелно низ градските улици. Сега тие имаа цел. Доаѓаа во фудбалскиот клуб на тренинг, заеднички оброк и дружење. Ги научивме девојките да собираат средства за клубот. Не печев само јас колачи, и не ги продавав само јас. Тоа беше менторско поучување. Ги научивме девојките да се грижат за клубот за да можат да продолжат без нас.

Друг начин на дејствување беше преку пријателите на моите деца. Нивните пријатели молеа да доаѓаат кај нас во петок навечер и во сабота за да се дружиме со нашите деца. Тогаш имавме саботно богослужение и ги каневме децата да ни се придружат во тоа.

**Нараторот:** Како може да се спореди Икалуит со Понд Инлет?

**Саклиле:** Неколку адвентистички семејства живеат во Икалуит, а дружењето навистина ни помогна да растеме духовно. Јас секогаш можам да ги повикувам другите членови од црквата и да ги замолам да се молат за каков било проблем. Се чувствуваме меѓусебно поврзани.

Во Икалуит, јас сум учителка во саботношколската класа „Пауер Поинт". Правам планови децата да бидат вклучени и да им помагаат на старите лица со добротворни активности.

**Нараторот:** Што посакувате од адвентистичката црква на ова место?

**Сакиле:** Потребен ни е наш црковен објект. Нашите иницијативи за сведочење се навистина ограничени поради недостигот на простор што би можеле да го наречеме дом. Кога првпат дојдов во Икалуит пред неколку години, имавме едно посветено место каде што одржувавме богослужба во сабота и им служевме оброци на бездомниците во текот на седмицата. Иако нашата кујна не работеше во сабота, бездомниците знаеја дека можат да доаѓаат во таа зграда во сабота и да имаат заеднички оброк со нас.

Малиот простор што го изнајмуваме сега не е доволно простран за да организираме оброци. Моето саботношколско одделение се состанува во дневната соба на мојата куќа. Основното одделение во сабо-

та се состанува во дневната соба кај некој друг. Третиот, детското одделение, се состанува во трета куќа. Возрасните се состануваат во нашата изнајмена зграда. Би било прекрасно ако можеме да го славиме Бога на заедничко богослужение на едно место.

**Нараторот:** Ви благодариме што ни дозволивте да имаме увид во дел од животот на оддалечената канадска територија Нунавут.

Дел од даровите на 13-тата сабота од овој тримесечје ќе бидат употребени за отворање на нова црква и центар за служба во локалната заедница, со цел да се запознаат луѓето со Бога. Ви благодариме што планирате да издвоите великодушни средства за дарот на 13-тата сабота.

## Во врска со искуството

- Замолете маж и жена или две жени да го презентираат ова интервју за време на мисионството. Волонтерите не треба да го учат текстот напамет, но треба да бидат доволно запознати со него, за да не мора да го читаат.
- Преземете слики од Фејсбук (bit.ly/fb-mq).
- Преземете ги мисионските објави и брзи факти од Северноамериканската дивизија: bit.ly/NAD-2021.
- Оваа мисионерска приказна ги илустрира ставовите на христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Целта број 1 зборува за концептот на мисија низ целиот свет и жртвувањето на времето, средствата во таа мисија, која ги вклучува не само пасторите, туку и верници на црквата, и млади и стари, во радосно сведочење на луѓето за Христа, со цел да ги направат Негови ученици. Целта број 1 е да се зголеми бројот на верниците во црква да учествуваат, како во јавните мисионски активности така и во индивидуалните, во личниот духовен живот, со цел целосно вклучување на сите верници во духовниот раст. За повеќе информации за стратешкиот проект на христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам“, видете на: IWillGo2020.org.



# Ангел на бензинска пумпа

БЕГАЛЕЦ ВО ОВАА ДИВИЗИЈА | 28 август 2021

**Ламфаи Сихавонг, 64**

Ламфаи збунето се џарела во лавиринтот од автопати околу неа и над неа во американскиот град Чикаго. Таа немала идеја како да се дојде до својот сопруг. Ги погледнала своите четири деца во автомобилот и се прашувала што да прави.

Оваа брачна двојка дошла во САД како бегалци од југоисточната азиска држава Лаос. Тие патувале со своите шест деца низ државата за да најдат работа. Заминувајќи од Сакраменто, Калифорнија, семејството најпрво отишло во далечниот град Гранд Ајленд во Небраска на 2.250 км, каде слушнале за фабрика во која работат луѓе со ограничено познавање на англискиот јазик. Меѓутоа, кога стигнале таму, дознале дека се пополнети работните места и дека компанијата веќе не вработува нови работници.

Така, тие се нашле среде САД со шест деца, без дом, без работа и само со ограничено познавање на англискиот јазик.

За да биде уште потешко, Лимфај не се осмелувала да вози по американските автопати, бидејќи штотуку научила да вози, а возачката дозвола ја добила во Калифорнија. Двајца пријатели патувале со ова семејство во Небраска. Едниот управувал семеен автомобил, а другиот возел камион. Сепак, пријателите не можеле да останат со нив цело време.

Повикувајќи ги сите што ги познавале и кој можел да им даде совет, Ламфаи и нејзиниот сопруг слушнале за можност за работа во Холанд, во државата Мичиген, на оддалеченост од дополнителни 1200 километри.

Ламфаи решила да тргне по американските автопати, верувајќи дека Бог ќе биде со неа. И

така, семејството тргнало кон Мичиген.

Нејзиниот сопруг возел пред неа, возејќи го камионот со две од нивните деца и со нивните работи. Таа одела зад автомобилот со останатите деца.

Сè било добро, сè додека не стигнале во Чикаго. Ламфаи се обидувала да го следи сопругот. Сепак, таа била вовлечена во голем метеж и го изгубила од вид камионот на својот сопруг. Збунета од лавиринтот на патиштата, таа не можела да одлучи каде да оди, па застанала на една бензинска пумпа.

Ниту таа, ниту нејзиниот сопруг немале мобилни телефони. Немало начин да го контактира и не знаела како да стигне до нејзината дестинација. Нејзината единствена надеж бил Бог. Била среќна што мисионерите го посетиле бегалскиот камп во Тајланд, каде што биле сместени, за да им сведочат за Бога.

Сега, заедно со децата, таа ревносно се молела на Бога за помош.

Кога ги отвориле очите, виделе убав човек како оди кон нив.

„Дозволете ми да погодам“, рекол тој. „Дали го барате вашиот сопруг Веј?

„Да!“ рекла, изненадено кимајќи со главата.

Си помислила: „Како овој странец го знае името на мојот сопруг?“

„Влезете во вашиот автомобил и следете ме“, рекол човекот. „Ќе ви помогнам да го најдете“.

Послушно, Ламфаи го следела автомобилот на човекот низ лавиринт од патишта во Чикаго, сè додека во еден момент не го здогледала камионот на нејзиниот сопруг.

Нејзиното срце и срцата на децата се исполниле со благодарност. Тогаш се свртеле назад за да го поздрават љубезниот странец и да му се заблагодарат, но тој веќе не бил таму. Неговиот автомобил исчезнал, дури и пред да можат да се поздрават и да му се заблагодарат.

Семејството пристигнало безбедно во Холанд, а Веј и Ламфаи нашле работа во локална бродска компанија управувана од семејство адвентисти.

По кратко време, тие почнале да одат во адвентистичката црква во Холанд и ги поканиле своите сонародници од Лаос

да им се придружат. Црквата на оваа мала група им обезбедила посебна просторија каде што можеле да одржуваат богослужби на нивниот јазик.

Групата пораснала толку многу што денес има своја црква, во која Ламфаи радосно ги запознава луѓето со Бога кој испратил ангел кај бензинската пумпа да ѝ помогне да го пронајде патот.

Неколку лаотски цркви се наоѓаат во Северноамериканската дивизија како резултат на даровите на 13-тата сабота во 2011 година.

## Во врска со искуството

- Преземете слики од Фејсбук (bit.ly/fb-mq).
- Преземете ги мисионските објави и брзи факти од Северноамериканската дивизија: bit.ly/NAD-2021
- Оваа мисионерска приказна ги илустрира ставовите на христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Целта број 2 зборува за диверзификација и јакнење на адвентистичката мисионска активност во големите градови преку прозорецот 10/40, кој опфаќа големи популации на луѓе од нехристијанска религија. Во целта 2 понатаму се наведува дека секоја област и мисија надвор од прозорецот 10/40 има петгодишен план да исполни значителен пораст од најмалку 30% од бројот на новоформирани групи луѓе собрани на богослужение, потоа, за да се зголеми учеството на децата и младите, храбрејќи ги сите верници, младите, кои ќе бидат крстени, да ги прифаќаат и практикуваат принципите на поверениччката служба во врска со времето, духовните дарови, десетокот и даровите. Верниците во црквата треба да покажат меѓукултурно разбирање и почит кон сите луѓе. Локалните цркви и адвентистички образовни институции мора да бидат подготвени да одговорат на приликите да им сведочат на имигрантите и да обезбедат помош за да можат да се интегрираат во локалните адвентистички заедници. Дознајте повеќе за стратешкиот проект на христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам“ на: IWillGo2020.org.

Со собраните средства од 13-тата сабота во ова тримесечје, ќе им помогнете на црквите да добијат пастори и средства за нормално функционирање.

*(Приказнаша ја раскажа Тери Саели, координашор на Хрисшијанскаша адвеншисшичка црковна служба ӣри Северноамериканскаша дивизија за адвеншисши беѓалци и имиѓранши)*



photo: BigStock

# Дилема

## Едно семејство од Ирак

Некој му раскажал на таткото за Исус во Ирак. Тогаш таткото ги прифатил Исусовите учења и дошол во адвентистичката црква. Меѓутоа, мајката одлучила да остане верна на својата традиционална религија.

По некое време, животот во Ирак станал доста тежок. Таткото, од страв за безбедноста на својата сопруга и нивните две мали ќерки, решил да замине во САД и да добие статус на бегалец таму.

Откако поминале една година во Мичиген, семејството се преселило во Калифорнија. Таткото не можел да ја поднесе студената зима во Мичиген. Ниските температури предизвикале болки во раните здобиени во војната во Ирак.

Во Калифорнија, таткото и мајката ги испратиле своите ќерки во државно училиште. Сепак, таткото се молел ќерките да можат да се стекнат со образование во адвентистичко училиште. Тој немал средства да плати за црковното училиште, па дури и да имал, тој не познавал ниту еден адвентист кој би му кажал каде може да најде некое адвентистичко училиште. Сесрдно се молел. „Те молам, Господи, помогни им на моите ќерки да добијат адвентистичко образование. Помогни ми да најдам некој адвентист“.

Еден ден, таткото отишол во една социјална кујна, која им дистрибуирала храна на семејствата што имале потреба.

Додека чекал да добие храна, тој започнал да разговара со еден волонтер што работел таму и дознал дека човекот е христијанин, пастор на адвентистичката црква. Покрај тоа, во-

лонтерот му рекол дека кујната е организирана и раководена од христијанската адвентистичка црква, истата што управувала и со училиштето.

Кога дошол дома, таткото ѝ ја соопштил на мајката радосната вест. Заедно со мајката внимателно штеделе пари за да можат нивните деца да го продолжат образованието, да најдат подобра работа и да го издржуваат семејството.

Тие одлучиле да ги земат своите драгоцени заштеди и да им платат школарина на своите ќерки.

По кратко време, ги запишале своите ќерки на училиште. Влегле во канцеларијата на директорот. Нивните лица блескале додека чекале информации што понатаму.

Директорката, проповедник во црквата, која седела спроти нив, ги гледала таткото, мајката и девојчињата. Видливата желба на лицата на родителите и девојчињата им ги исполнувала срцата. Сепак, заштедените средства не биле доволни.

„Ние сакаме девојчињата да учат во ова училиште“, рекла директорката, „но, за жал, нема доволно пари за да се покријат училишните трошоци“. Директорката застанала, погледнала кон пасторот. Гледајќи сочувство во неговите очи, таа се охрабрила и продолжила: „Но, ќе ги запишеме вашите девојчиња на училиште. Да се потпреме на верата, дека Бог некако ќе обезбеди помош за школарина“, рекла таа.

Четворицата возрасни и двете девојчиња клекнале на колена со длабока желба да се помолат на Бога.

„Најмил Боже, ни треба твоја помош“, се молел пасторот. „Те молам, обезбеди средства за образование на овие две драгоцени девојки“.

Набргу по заминувањето на семејството, директорот добил телефонски повик. Тоа била координаторската служба за бегалци и имигранти адвентисти при Северноамериканската дивизија на Адвентистичката црква. Таа ја информирала директорката дека има средства да помогне за плаќањето школарина на деца бегалци, кои сакаат да се образуваат во црковно училиште. Парите, рекла таа, дошле од адвентисти ширум светот кои собрале средства од даровите на 13-тата сабота во 2011 година.

Директорката не можела да

поверува во она што го слушнала. Веднаш го повикала таткото и му јавила дека се пронајдени пари за школарина. „Знаев дека Бог ќе одговори на нашите молитви“, извикал таткото.

Дел од даровите во сабота, на 13-тата од ова тримесечје, ќе бидат искористени за бегалците во Северноамериканската дивизија. Господ нека ги употреби вашите дарови за да одговори на молитвите како што одговорил на молитвите на ова семејство од Ирак. Замислете дека еден ден на небото ќе сретнете некој што дознал за Бога и решил да му служи, затоа што вие сте донирале средства, со цел да ја ширите адвентната вест.

*(Приказната ја раскажа Тери Саели, координатор на Христијанската адвентистичка црковна служба при Северноамериканската дивизија за бегалци и имигранти адвентисти)*

## Во врска со искуството

- Списанието Adventist Mission не ги открива имињата на членовите на семејството или нивната локација поради нивната приватност.
- Преземете слики од Фејсбук (bit.ly/fb-mq).
- Преземете ги мисионските објави и брзи факти од Северноамериканската дивизија: bit.ly/NAD-2021.
- Оваа мисионска приказна ги илустрира ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Целта број 2 зборува за диверзификација и јакнење на адвентистичката мисионска активност во големите градови преку прозорецот 10/40, кој опфаќа големи популации на луѓе од нехристијанска религија. Секоја дивизија треба да ја идентификува секоја значајна имигрантска популација од бегалци на својата територија и да преземе иницијатива да допре до неа. Целта број 5 зборува за ширење на ученииштвото на поединци и семејства со цел издигнување на духовниот живот. Целта зборува за зголемување на бројот на деца од адвентистички семејства и цркви кои ги посетуваат адвентистичките школи. Повеќе информации за стратешкиот проект на христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам“ на: IWillGo2020.org.

## Мисионски информации

- Северноамериканската дивизија се состои од 8 унии, како и цркви во Канада и Гуам-Микронезија.
- Во САД не постои официјален јазик. Скоро сите зборуваат англиски. Владата, образованието, бизнисот, сето тоа се води на англиски јазик. Шпанскиот јазик се користи како втор јазик на кој се учи и говори.



# Поништено незадоволство

## Џими Шви, 51

Замислете дека имате седум години и дека бегате во џунгла за да си го спасите сопствениот живот. Како би влијаело тоа на вас?

Токму вакво нешто преживувал Џими Шви во југоисточната азиска држава Мјанмар, порано позната како Бурма.

Како момче, Џими негувал длабоко незадоволство кон властите поради неговото искуство. Во еден момент, изгубен во џунглата, мислел дека ќе умре.

Одлучил дека, ако некогаш преживее, ќе се приклучи на вооруженото движење на отпор, со цел да се одмазди.

По две години одвоеност, тој го пронашол татка си во бегалски камп во Тајланд.

Меѓутоа, татко му не се согласил со планот на Џими, велејќи дека земањето пушка нема да му помогне. Наместо тоа, тој го убедил да стане пастор и да му зборува на својот народ за Божјата љубов и за надежта во вечниот живот.

На Џими не му било лесно да го отстрани својот гнев и длабоко незадоволство.

Но, тој можел да види мир на лицето на својот татко и радост додека одел во христијанската адвентистичка црква во бегалскиот камп. Читал за борбата меѓу Христа и Сатаната во Библијата. Тој сфатил дека татко му е во право, и решил да им прости на оние што му згрешиле.

Џими станал пастор на христијанската адвентистичка црква, а подоцна се преселил во Соединетите држави.

Наскоро открил дека многу адвентистички бегалски семејства што ги сретнал во бегалскиот камп на Тајланд, биле расеани низ Северна Америка.

Тие се обидувале да најдат некоја адвентистичка црква, но не знаеле доволно англиски за да ги разберат пораките и да учествуваат во службите. Многу

## Во врска со искуството

- Има скоро 10.000 бегалци адвентисти се меѓу различните јазични групи на луѓе во Северноамериканската дивизија. Пасторот Џими е посебно ориентиран кон бегалците кои зборуваат на каренски јазик, вклучувајќи повеќе од 2.000 активни членови на црквата.
- Преземете слики од Фејсбук (bit.ly/fb-mq).
- Преземете ги мисионските објави и брзи факти од Северноамериканската дивизија: bit.ly/NAD-2021.
- Оваа мисионска приказна ги илустрира ставовите на христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам" зборува за целите на духовниот раст. Целта број 2 зборува за диверзификација и јакнење на адвентистичката мисионска активност во големите градови ширум прозорецот 10/40, каде се наоѓаат големите популации на луѓе од нехристијанските религија. Во целта број 2 понатаму се наведува дека секоја област и мисија, надвор од прозорецот 10/40, има петгодишен план да исполни значителен пораст од најмалку 30% на бројот на новоформирани групи луѓе собрани за богослужба, за да го зголеми учеството на децата и младите, охрабрувајќи ги сите верници да помогнат младите да се крстат, даа ги прифатат и практикуваат принципите на повереничката служба во однос на времето, духовните дарови, десетокот и даровите. Верниците во црквата треба да покажат меѓукултурно разбирање и почит кон сите луѓе. Локалните цркви и адвентистичките образовни институции мора да бидат подготвени да одговорат на можностите да им сведочат на имигрантите и да обезбедат помош за да можат да се интегрираат во локалните адвентистички заедници. Дознајте повеќе за стратешкиот проект на христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам" на страницата: IWillGo2020.org.

семејства биле обесхрабрени.

Џими копнеел да ги посети и да ја охрабри нивната вера. Тој сакал да им помогне да организираат мали групи за да можат да го слават Бога на нивниот јазик.

Со многу молитви, Џими основал три цркви.

Меѓутоа, работејќи со полно работно време за да го издржува своето семејство, тој немал многу време ниту пари за да патува и да му помага на некој од над 2.000 бегалци Адвентисти расеани низ целиот континент.

„Сепак, Бог го познаваше моето срце и моите потреби", вели Џими, кој сега служи во областа Каролина како основач на цркви и консултант на службата за бегалци и имигранти адвентисти при северноамериканската дивизија.

„Бог цело време го водеше мојот живот и тој веќе има план“, додава тој.

Даровите на 13-тата сабота што беа приложени во 2011 година, помогнаа да се обезбедат средства за да се допре до бегалците во Северна Америка.

Средствата му овозможија на Џими да ги посети бегалските семејства расеани низ САД и Канада, помагајќи им да организираат цркви на нивните јазици и да им служат на своите заедници.

Преку неговото дејствување, 55 цркви се основани низ целиот континент во текот на изминатата деценија.

Сето ова можело да се оствари, бидејќи верниците на црквата му давале средства на Џими и на други слични на него, дозволувајќи му на Бога да го замени нивното незадоволство со проштавање и љубов.

Ова тримесечје, вашите дарови на 13-тата сабота ќе помогнат да се шири евангелието меѓу бегалците во Северноамериканската дивизија. Ви благодариме што планирате да одвоите и великодушно да ги приложите од своите средства за Божјото дело.

*(Приказната ја раскажа Тери Саели, координатор на Христијанската адвентистичка црковна служба при Северноамериканската дивизија за бегалци и имигранти адвентисти)*



# Двајца луѓе против еден Бог

БЕГАЛЕЦ ВО ОВАА ДИВИЗИЈА | 18 септември 2021

**Нијанг Мујанг, 21**

Десетгодишната Нијанг станала рано наутро, додека надвор сè уште било темно, за да оди на училиште.

Таа била загрижена. Се грижела за училиштето секој ден. Нејзиното семејство се преселило во САД како семејство бегалци од

Мјанмар, пред само една година. Училиштето ѝ било тешко во државата Џорџија.

Таа не го знаела доволно добро англискиот јазик. Немала многу пријатели. И морала да оди на училиште, дури и кога било темно. Нејзиниот татко не можел да оди со неа, бидејќи тој работел ноќе. Мајката морала да остане дома со нејзината помала сестра.

Нијанг се молела пред да ја напушти куќата: „Драги Боже, помогни ми да преживеам уште еден ден на училиште. Помогни ми да немам никакви проблеми со наставникот. Чувај ме додека одам пеш до училиштето. Амин“.

Нијанг го ставила својот тежок црн ранец на грб, и се упатила кон темната улица. Ако тргне по пократок пат, ќе ѝ треба 10 минути пешачење до училиште. Таа морала да помине покрај неколку згради и низ шума, за да стигне до училиште. Можеби ќе се сретне со неколку деца на патот, за да ѝ прави друштво.

Немало други деца на повидок додека минувала низ шумата. Сè било тивко. Дрвјата делувале како темни сенки.

Одеднаш, пред неа се појавиле двајца луѓе. Едниот од нив држел нешто што личело на бела торба. Била празна. Ја кренал раката со торбата и рекол: „Еј, можеш ли да го придржиш ова?“

Ова прашање на Нијанг ѝ изгледало многу чудно. Таа застанала, правејќи неколку чекори назад.

Овие двајца мажи направиле неколку чекори напред.

Нијанг нервозно погледнала наоколу, надевајќи се дека некои други деца ќе тргнат по овој пократок пат до училиштето. Но, не видела никого.

Погледнала кон двајцата мажи. Биле двајца против неа. Тие биле големи и високи, а таа ниска и малечка. Таа да држи бела торба?

„Не“, извикала Нијанг, одмавнувајќи со главата.

Се свртела назад и почнала да трчала колку што може побрзо.

Луѓето како да се изненадиле.

„Ах, не, немој да трчаш“, рекол едниот од нив.

Но, Нијанг не сакала да запре. Била исплашена. Слушала приказни за деца кои биле киднапирани. Таа знаела дека овие двајца лесно можат да ја фатат.

„Господи, помогни ми“, се молела таа. „Те молам заштити ме. Имала чувство како да ќе ја зграпчат во секој момент. Сакала сè да биде во ред во нејзиниот однос со Бога.

„Ако сум направила нешто погрешно, те молам прости ми“, се молела таа.

Ги слушала звуците, наслушнувајќи дали ја следат тие двајца.

Но, не слушнала ништо. Застанала за момент. Срцето ѝ чукало забрзано. И тогаш, се чуло мрморење на деца кои одат по пократкиот до училиштето. Почуствувала како нејзиното тело го обзема олеснување. Можела да им се придружи на децата и да оди заедно со нив на училиште, за да биде безбедна.

Таа ги придружувала трите помали деца на патот до училиштето. Кога стигнале до местото каде што стоеле двајцата мажи, но сега немало никој.

Нијанг воздивнала со олеснување. „Драги Боже, ти благодарам што ме заштити“, му се заблагодарила на Бога.

Двајцата големи луѓе биле совладани од далеку поголемиот Бог.

Пред десет години, даровите на 13-тата сабота им помогнаа на децата бегалци како Нијанг да бидат префрлени од јавните училишта во црковните адвентистички училишта.

Дел од даровите на 13-тата сабота од ова тримесечје повторно ќе бидат употребени за децата од бегалските семејства да можат да добијат адвентистичко образование.

Ви благодариме што планирате да одвоите и да дарувате великодушно средства за Божјето дело.

## Во врска со искуството

- Ставете предизвик пред слушателите да се молат на Бога во секој момент од нивниот живот.
- Нијанг денес оди на Јужниот адвентистички универзитет и планира да стане стоматолог- мисионер.
- Сликите можете да ги преземете од Фејсбук: bit.ly/fb-mq.
- Преземете ги мисионските објави и брзи факти од Северноамериканската дивизија: bit.ly/NAD-2021.
- Оваа мисионерска приказна ги илустрира ставовите на христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Целта број 2 зборува за диверзификација и за јакнење на адвентистичката мисионска дејност во големите градови ширум светот преку прозорецот 10/40, кои ги опфаќаат големите популации на луѓе од нехристијанска религија. Секоја дивизија треба да има увид во бројот на имигранти / бегалци на нејзината територија, да смисли начини на кои може да ги досегне. Целта број 5 зборува за исполнување со Светиот Дух и на поединецот и на семејството, да се зголеми бројот на верници во црквата кои редовно се молат, кои ја изучуваат Библијата, користејќи ги саботношколските лекции, списите на Елена Вајт, во своето лично духовно воздигнување. Оваа цел зборува и за зголемување на бројот на деца од адвентистичките семејства и во црквите кои посетуваат адвентистички училишта. Дознајте повеќе за стратешкиот проект на христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам“: IWillGo2020.org.



# Делче од вистината

ПРОГРАМА НА 13-ТАТА САБОТА | 26 јуни 2021

**Нијанг Мујанг, 21**



Било скоро време за ручек, а водачот на тимот ја повикал за да ѝ каже дека тргнал од Меривил, Тенеси, по Нијанг.

Нијанг била гладна.

Била подготвена да ужива во својот оброк што го понела додека разговарала со другите студенти, литерарни евангелисти, за своите искуства тоа утро.

Тогаш видела една жена како пакува намирници во својот автомобил паркирана на паркингот пред продавницата. Имала доволно време да поразговара барем со една личност пред ручекот.

Нијанг ѝ се приближила на жената насмевнувајќи се.

„Добар ден, госпоѓо“, рекла. „Јас се викам Нијанг. Студирам и работам во исто време. Ова лето се обидуваме да ги промовираме семејните вредности и да им помагаме на луѓето од локалната средина“.

Нијанг извадила книга од торбата во која се зборувало за тоа како луѓето треба да користат билки во нивната природна форма.

Жената ја прифатила книгата и ја погледнала корицата.

Гледајќи дека жената не зборува ништо, го извадила готвачот од торбата.

„А дали сакате да готвите дома? – прашала таа.

Потоа ѝ покажала на жената духовна книга, „Патот кон Христа“, од Елена Вајт.

Жената ги разгледувала сите три книги во нејзините раце. Изгледала заинтересирано.

„Сепак, ме фативте во погрешно време“, рекла жената. „Немам чекови со мене и немам пари“.

„Ние исто така прифаќаме плаќања со картички, ако тоа ви одговара“, рекла Нијанг.

„Не сакам да ја користам мојата кредитна картичка затоа што мојот сопруг не би сакал“, рекла жената.

Но, продолжила да ги држи книгите.

Изгледало дека не сака да ги врати назад.

Нијанг објавила неколку други книги, меѓу кои „Копнежот на вековите“ и „Големата борба“ од Елена Вајт. Откривајќи дека жената има деца, извадила и неколку книги за деца.

„Сите овие книги се толку добри“, рекла жената.

Се чинело дека не може да избере која да ја земе.

„Знаете што?“ рекла таа „Ќе ги земам сите овие книги.“ Претставувајќи се како Синди, таа ја подала кредитна картичка за да ги плати книгите.

По трансакцијата, Нијанг прашала дали може да се помоли со неа.

„Би сакала да се помолиме“, одговорила Синди.

„Драг небесен Татко“, се молела Нијанг. „Ти благодарам што ни даде уште еден ден од животот и оваа можност да ја запознаам Синди. Твоето планирање на времето е совршено. Прости ни ги нашите гревови и недостатоци. Ти благодарам што Синди и нејзиното семејство ќе ги заштитиш од лошо. Те молам, дај им мир и утеха среде сѐ што се случува во нивниот живот. Те молам биди со нив со твојата љубов и присуство. Ако Синди има некоја неискажлива молитва во своето срце, исполни го тоа барање. Помогни ѝ да пронајде надеж и доверба во тебе. Те молиме преку жртвата на Исус Христос. Амин“.

Лицето на Синди зрачело од радост по молитвата. Тогаш зборовите почнале сами да излегуват од нејзината уста. Почнала да ѝ кажува дека нејзиното семејство минува низ тешки периоди, дека искусила болест и смрт. Копнеела за подлабоко значење во животот, сакајќи да дознае повеќе за Бога.

Набргу потоа, Нијанг го задоволила својот физички глад ручајќи со другите студенти по литературен евангелизам. Се молели Синди да го задоволи својот духовен глад преку вистината што ќе ја открие во книгите.

Дел од денешните дарови на 13-тата сабота, ќе бидат употре-

бени така што децата од семејствата-бегалци ќе можат да добијат адвентистичко образование. Собраните средства од даровите ќе бидат наменети и за изградба на сместување за мисионерите и вработените во адвентистичкото училиште „Палау“, на островот Палау во Тихиот океан. Потоа, да се заврши изградбата на мултифункционална спортска сала во Индијанското адвентистичко училиште Холбрук во Аризона и да се изгради адвентистичка црква и центар на заедницата во далечниот град Иглулик во северна Канада.

Ви благодариме за великодушните средства со кои помагате да се шири евангелието во Северноамериканската дивизија.

*(Приложување на даровите, во придружба на инструментална музика)*

## Во врска со искуството

- Ставете предизвик пред слушателите да бидат како Нијанг и активно да бараат луѓе со кои ќе можат да стапат во разговор и молитва.
- Преземете слики од Фејсбук (bit.ly/fb-mq).
- Преземете ги мисионските објави и брзи факти од Северноамериканската дивизија: bit.ly/NAD-2021.

Оваа мисионска приказна ги илустрира ставовите на христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Целта број 1 зборува за концептот на на мисијата насекаде во светот и за жртвувањето време и средства во таа мисија којашто ги вклучува не само пасторите, туку и верниците на црквата, младите и старите, во радосно сведочење на луѓето за Христа, правејќи ги Негови ученици. Целта број 1 зборува за зголемување на бројот на црковни верници кои учествуваат, како во јавните мисионски активности, така и во поединечниот личен духовен живот, со цел целосно вклучување на сите верници во духовниот раст. Целта број 5 зборува за исполнетост во животот и индивидуално и во рамките на семејството, со Светиот Дух, за да се зголеми бројот на верници кои редовно се молат, кои ја проучуваат Библијата, користејќи ги саботношколските лекции и списите на Елена Вајт, во своето лично духовно издигнување. Оваа цел зборува и за зголемување на бројот на деца од адвентистички семејства и цркви кои одат во адвентистичките училишта. За повеќе информации за стратешкиот проект на христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам“, дознајте на: IWillGo2020.org.

## Мисионски информации

- Во Северноамериканската дивизија има околу 10.000 бегалци адвентисти.

# Идни проекти на 13-тата сабота

**Проектите што ќе бидат во фокусот на следното тримесечје доаѓаат од Северноазиската пацифичка дивизија при Генералната конференција на Христијанската адвентистичка црква.**

- Изградба на центар за животен стил во Уланбатор, Монголија.
- Изградба на центар за згрижување на децата на имигрантите во Ансан, Јужна Кореја.
- Изградба на мисионскиот центар „Јеонгнам“ во Даегу, Јужна Кореја.
- Изградба на три центри на влијание во Тајпеј, Таинан и Каосиунг во Тајван.
- Воспоставување програма за интернет евангелизам, која ќе биде наменета за интернет-генерацијата во Јапонија.



*Дете присуствува на црквата „Патфајндер“ во јурта, во Улан Батор, Монголија.*

## Извор на информации за читателите

За повеќе информации за разновидното културно наследство на Соединетите држави, Канада и Маршалските острови (САД), контактирајте ја вашата локална библиотека или туристичка агенција или амбасада на земјата за која сте заинтересирани. Внесете го името на земјата во вашиот интернет прелистувач.

Следниве веб-страници може да бидат корисни:

| | |
|---|---|
| Canada: government website | bit.ly/CanGov |
| Encyclopedia Britannica | bit.ly/Brit-Canl |
| Lonely Planet | bit.ly/LP-Can |
| | |
| The Marshall Islands: government website | bit.ly/GovMarIslanet |
| World Factbook | bit.ly/WFB-MarshIsl |
| Trip Advisor | bit.ly/TA-MarshIsl |
| | |
| U.S.A.: government website | www.usa.gov |
| | |
| National Geographic | bit.ly/NatGeoUSA |
| Visit the U.S.A. | bit.ly/VisittheUSA |
| Arizona: state website | az.gov |
| TripSavvy | bit.ly/TS-Ariz |

**Адвентистичкото мисионско DVD** е бесплатен прилог на списанието во кое можат да се видат искуствата од земјите за коишто зборувавме, како и за Светската мисија на Адвентистичката црква. Замолете го водачот на саботата школа да ви даде една копија од ова DVD или оди на

www.AdventistMission.org;
www.AdventistMission.org/dvd.

**Мисионското списание** и социјалната мрежа Фејсбук. Читајте, коментирајте, споделувајте, ставете „ми се допаѓа“ на нашите искуства на

www.facebook.com/mission-quartelies.

АДВЕНТИСТИЧКА
МИСИЈА
ЗА МЛАДИ & ВОЗРАСНИ

**Градиво за саботна школа 3/2021**

**ВЕСТИ - ИСКУСТВА ОД СВЕТОТ**

Излегува тримесечно

**Издава:**
Управниот одбор на Христијанската адвентистичка црква во Р. Македонија

**Подготвил:**
Мелита Томовска

**Одговара:**
Томе Трајков

**ЗА ИНТЕРНА УПОТРЕБА**

# СЕВЕРНОАМЕРИКАНСКА ДИВИЗИЈА




| УНИИ | ЦРКВИ | ГРУПИ | ЧЛЕНОВИ | ЖИТЕЛИ |
|---|---|---|---|---|
| Атлантска унија | 600 | 76 | 125.629 | 35.186.917 |
| Канада | 391 | 80 | 72.289 | 37.419.000 |
| Колумбиска унија | 740 | 101 | 145.394 | 52.190.829 |
| Унијата Лејк | 504 | 56 | 88.475 | 35.797.364 |
| Средноамериканска унија | 458 | 64 | 64.589 | 27.954.972 |
| Северноапацифичка унија | 446 | 61 | 102.354 | 15.125.897 |
| Пацифичка унија | 713 | 91 | 222.741 | 54.601.558 |
| Јужна унија | 1.149 | 211 | 301.359 | 66.182.135 |
| Југозападна унија | 585 | 110 | 122.159 | 42.174.329 |
| Гвам-Микронезија Мисијата | 22 | 15 | 5.805 | 414.000 |
| **УКУПНО** | **5.608** | **865** | **1.250.794** | **367.050.001** |

## ПРОЕКТИ:

1. Сместување за вработените во школата Палау, во Палау
2. Втората фаза од повеќенаменската сала во школата Холбрук, САД
3. Цркви и стипендии за бегалците во Канада и САД
4. Црква и друштвен центар во Иглолик, Канада.